РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

08-1289/4
24. 07. 2023

Врз основа на член 76 став (3) и (4), член 79 став (1) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 54-та седница одржана на 09.03.2023 година, донесе

**ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ**

**за присоединивање на две единици, Факултет за комуникација и Факултет за хуманистички и општествени науки на Меѓународен Балкански Универзитет - Скопје**

1.Се донесе позитивно мислење на спогодбата, односно на статусните промени, по однос на присоединување на две единици, Факултет за комуникација и Факултет за хуманистички и општествени науки на Меѓународен Балкански Универзитет - Скопје, согласно член 76 став (3) и (4) и член 79 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21),

2. Ова мислење е конечна и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Меѓународен Балкански Универзитет - Скопје, достави барање, со придружна документација, до Агенција за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, со нивен бр.242.301/2022 од 20.12.2022 година, наш број 08-1289/1 од 21.12.2022 година, за мислење за статутарна промена, кое се однесува на присоединување на две единици, Факултет за комуникација и Факултет за хуманистички и општествени науки на Меѓународен Балкански Универзитет - Скопје.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 54-та седницата одржана на 09.03.2023 година, формира Стручна комисија за давање на мислење за статутарна промена, кое се однесува на присоединување на две единици, Факултет за комуникација и Факултет за хуманистички и општествени науки на Меѓународен Балкански Универзитет - Скопје со задача да подготвува извештај, по однос на доставеното барање и придружната документација.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08-1289/3 од 13.04.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 54-та седница одржана на 09.03.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Позитивното мислење на спогодбата, односно на статусните промени, по однос на присоединување на две единици е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова